Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 62, 15 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ..... 4

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 5

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент во наставно-научното поле машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 8

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 10

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научната областа подготовка на минерални суровини на Факултет за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 12

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за наставно-научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 15

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле туризам и угостителство на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната и уметничка област џез гитара на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 22

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во звање доцент за наставно-научната облест менаџмент во царина и шпедиција на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање помлад асистент за наставно-научното поле историски науки на Филолошки факултетот при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ..... 31

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармакологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 33

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 41

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во насловно звање доцент / вонреден професор за наставно-научното поле стоматологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Испитување на машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 66

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Машински материјали“ од д-р Ангел Тасевски и м-р Владан Андоновиќ од Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 67

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ургентни состојби во стоматологијата” од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 68

**РЕЦЕНЗИЈА** на материјалот за електронска скрипта по предметот Македонски јазик со култура на изразувањето од доц. д-р Виолета Николовска, Педагошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 70

**РЕЦЕНЗИЈА**на „Практикум“ по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 72

**РЕЦЕНЗИЈА** на интерна скрипта по предметот Трудово право од м-р Андон Мајхошев, помлад асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип........ 74

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН СОРАБОТНИК ВО ЗВАЊЕ ПОМЛАД АСИСТЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНОТО ПОЛЕ ИСТОРИСКИ НАУКИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2402-47/8 од 18 април 2011 година, донесена на 36. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет одржана на 18 април 2011година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден соработник во звање ***помлад асистент/асистент*** за наставно-научното поле ***историски науки*** на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Дневник“, на 4 април 2011 год., и во предвидениот рок се пријавија кандидатите: м-р Оливер Цацков, м-р Кире Филов и Ивана Митева.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **м-р Оливер Цацков** е роден на 16 јуни 1978 година во Штип, каде завршува основно и средно образование. Дипломира на Педагошкиот факултет во Штип при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, во 2002 година, при што се стекнува со звање **дипломиран професор по одделенска настава**. Истата година се запишува на студии од втор степен на Институтот за национална историја. Магистрира во 2009 година на тема „*Штип и Штипско во Првата и Втората балканска војна 1912-1913 година*“ на Институтот за национална историја и се стекнува со звање **магистер по историски науки**. На истата институција пријавува и докторска тема со наслов „*Штип и Штипско во периодот на Првата светска војна 1914-1918 година*“ која е прифатена од Наставно-научниот совет на Институтот за национална историја и која се наоѓа во завршна фаза. Има потврда за основни познавања од англискиот јазик.

***Научна активност***

Од 2009 година е ангажиран како волонтер на Институтот за историја и археологија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип и е вклучен во активностите кои се преземаат од страна на истиот.

Во својата досегашна научна активност учествува на три меѓународни научни конгреси (Прв балкански конгрес на историјата на медицината во Охрид, 2003; Меѓународен конгрес на историјата на медицината во Струмица, 2005 и Четврти балкански конгрес на образованието во Стара Загора, Р. Бугарија, 2005) и учествува и на неколку семинари од областа на историјата во Р. Македонија, Р. Црна Гора и Р. Бугарија. Исто така, досега има обавено 7 (седум) научни прилози самостојно или во коавторство во домашни и странски списанија и зборници на трудови, а два рецензирани прилога му се наоѓаат во печат. Трудовите третираат историска и образовна проблематика. Со своите научни прилози, кандидатот дава свој придонес кон македонската историографија, бидејќи обработува теми за настани, личности и процеси кои досега биле непознати или се парцијално работени.

Според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кандидатот м-р Оливер Цацков има 26 бода.

Кандидатот **м-р Кире Филов** е роден на 16 април 1981 година во Штип, каде завршува основно и средно образование. Дипломира на Институтот за историја, насока Историја со архивистика на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, при што се стекнува со звање **дипломиран историчар -архивист**. Магистрира во 2008 година на тема „*Економските и политичките промени во Штип и Штипско низ*

*архивската документација 1944-1946 година*" на Филозофскиот факултет, Институт за историја со архивистика при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје и се здобива со звање **магистер по историски науки -архивистика**. Има потврда за основни познавања на англискиот јазик.

Досега има работено како интернет менаџер на Т П „Планет", менаџер за продажба и извршен директор на „Акустика" - студио за слушни и говорни помагала. Една година има работено како професор по историја во ОУ „Ванчо Прке" - Штип.

***Научна активност***

Кандидатот м-р Кире Филов има учествувано на еден научен собир и има рецензиран еден научен прилог за објавување.

Кандидатката **Ивана Митева** е родена на 17 август 1987 година во Кочани. Дипломира на Институтот за историја, насока Историја со архивистика на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје, при што се стекнува со звање **дипломиран историчар - архивист**. Запишана е на втор циклус студии на Институтот за национална историја. Нема потврда за познавање на странски јазик.

Кандидатката Ивана Митева досега нема учествувано на научни собири и нема научни прилози во научни списанија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата може да констатира дека на Конкурсот за избор на еден соработник со звање помлад асистент/асистент од научната област *историски науки* на Филолошкиот факултет се пријавиле тројца кандидати, кои може да бидат избрани како соработници во звање помлад асистент.

Посветеноста, активноста, успехот од студирањето и стручните афинитети му даваат предност на кандидатот м-р Оливер Цацков. Следствено, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип да го избере **м-р Оливер Цацков во соработничко звање *помлад асистент* за наставно-научното поле *историски науки* при Филолошкиот факултет.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.**
**Проф. д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, с.р.**
**Проф. д-р Драги Ѓоргиев, с.р.**